# ПРИКАЗНА КОЈА СКИТА ПО СВЕТОТ

Свети отец[1], иако ви се јавувам дури сега, ви се јавувам засекогаш. Ви се јавувам од дното на вселената, каде живеам и од онаа страна и од оваа страна на животот, така да не знаам каде сум. Ви се јавувам од лудата куќа, каде за животот ме сместија. Дури и не знаев дека сум во лудница, бидејќи се нормално беше – куќата и прозорци, додуша изопачени, имаше. Кога светот го променив, лудилото продолжи во мојата глава, во која е општ хаос. Ја сум во лудница, но не сум луда. Дури и на овој свет, каде сум божем жива, подобро, одошто на тој вашиот свет, таму. Но сеќавањата ме издадоа, така да не знам ни кој сум, ни чија сум. Не знам да ли сам родена како католит или сум преобразена во католит, тогаш кога беше враќање на грчко-источната вера на отецот. Кога несоединетите се преобразени на католицизам во кој можат да најдат вечно спасение. Не знам да ли сум Хрватка во тело на Србинка, или обратно, ни чие име носам, свое или крстено.

Името е лага, а Бог е вистина.

Свети отец, се представувам као Добрила Мартиновиќ, како учителка која работеше во Народно пучко училиште, во кое католичките деца и деца од грчко-источна вероисповест одеа. А Народното пучко училиште се наоѓаше во Шарговац, близу Бања Лука, која тогаш кога беше воспоставена Независна Држава Хрватска, требаше да биди главни град на таа држава и да се вика Антиград. Некои ќе ве убедуваат дека тоа е Антин Град, али тоа не вистина. Јас тоа од својата глава, од припитомената лудница, тврдам.

Историјата е лага, а Бог е вистина.

Свети отец, во тоа време, во таа новостворена држава, никој во неа не можеше да живее освен Хрвати. Кој не сакаше да се покрсти, усташите знаеа каде со него. Тогаш не беше грев да се убие и мало дете од седум години, ако сметаше на усташкиот напредок. А грчко-источната деца, тај влашки пород, сметаа. Како је greace ides, nula fides, како е грчката вера, никаква вера, требаше тој грчко-католички одрод да се исчисти со железна метла од Народното пучко училиште во Шарговац, каде по несреќа, учителка, бев. А вашата црква, во цел на формирање Civitas Dei, железната метла ја одобри дури и ја апелираше, надевајќи се во ваша милост, да на оние кои во таа патриотска работа понекогаш пречекорат тесните граници на верскиот морал и етика, проштавање да им даде.

Проштевањето е лага, а Бог е вистина.

Свети отец, седми февруари, по грегоријанскиот календар 1942, влезе во училиштето Усташка војска на Втората телесна бојна на Анте Павелиќ, која е предводеа натпоручник Јосип Мислов, војник Никола Зелиќ, те некој жупник од манастирот Петриќевац, каде вие треба католичкиот лаик Иван Мерц, кој е љубеше Црквата и Христовиот Намесник, кој се бореше за Апостолска Столица, и како орел на хрватската младина го покажа патот кон сонцето, направите блажен, односно да го прогласите за светец. Светец, така се вели. Е, тој некој жупник од манастириот

1 Станува збор за папата Јован Павле II кој на 22. јуни 2003. година во Бањалука дојде да во манастириот на Петриќевац го прогласи Иван Мерц, католичкиот лаик, блажени во неговиот роден град. Да Иван Мерц, кој е уште во далечната 1928. година умре, а кој се држеше за девизата Aut Kathotirus aut nihil, или католик или ништо, прогласи за светец на местото каде, тогаш кога е создадена усташка творба Независна Држава Хрватска, во текот на Втората светска војна, 6. февруари 1942. одржан состанак, на кој раководеше фратар на манастирот Вјекослав Филиповиќ. На тој состанак беше донесено решение, да утредента 7. февруари, изврши колеж на српското население на подрачјето на приградските села Дракулиќ, Мотике и Шарговац, што е и направено, кога еден ден, под раководство на фратарот Филиповиќ, убивано, заклано, масакрирано 2298 луѓе, жени и деца од српска националност.

Петриќевац е фра Мирослав Филиповиќ, иако други мислат дека Вјекослав Филиповиќ, а трети фра Вјекослав Филиповиќ. Но, сите такие мислења се ништавни, бидејќи станува збор за една иста Сотона. Сотона на кого Богот името му го напушти.

Сотоната е лага, а Бог е вистина.

Свети отец, фра Сотона мене ме натера да ја земам книгата Класна, те да ги одвојам децата грко-источњаци од католичките деца, те да ги разделам децата кои ги сакав повеќе него овие очи на кои гледам. Кога ги разделив, јас не знам што беше со децата. Велат дека црнокошулашите, јас тоа не го видов, ги натераа, во цел на добивање на потполно усташко воспитување, да католичката деца, како некоја лекција, присуствуваат како курвините синови ги убиваат нивните врсници, али јас не знам како ги убиваа, и дали себе или нив ги убија. И не знам каде, дали во училница, во ходникот, на скалите, во училишниот двор, или на страниците од читанката. Се сеќавам само на нивните благословени очи, поглед кој ме молеше да им помогнам, додека крвниците од рака до рака како некакви боздогани ги преместуваа, а ја да им помогнам не можев.

Тоа е најстрашната слика која во своето сеќавање од вашиот свет го понесов, бидејќи јас одамна не сум од овај свет.

Што понатаму беше, тоа во оваа приказна не може да влези.

Она што е неразумно, тоа не може да се раскаже.

Приказната е лага, а Бог е вистина.

Свети отец, беше расипан месец, месец февруари, па големот снег целиот свет го прекри, до појас го зави, тогаш кога црнокошулашите во училиштето влегоа. Никој од нив, во лицето, ниедна постојана боја немаше. Да умеам да цртам карикатури, јас нив ги би нацртала како лебарки, али не умеам. Не умеам да ги опишам, опишувањето не би ги опфатило. Дури и зборовите како што се нелуѓе, фукари, базд или штрока не досегнуваат нивниот смисол.

Тоа е така тажно.

Свети отец, зборовите се лага, а Бог вистина.

Беа до заби наоружани, и сите, освен оние кои ги водеа, тоа по говорот го заклучив, од Херцеговина, беа. После неки раскажуваа дека никој од нив огнено оружје не употребил, да децата не се уплашат. Не знам зошто, после многу прераскажуваа дека деца која само што прогледале ги убиле со нож које се викал бод, усташки бод, со стапови, секири, вили, бајонети, а најмногу со метална топка на дрвена штица, која се вика србомлат. И зборуваа дека ги убиваа исклучително со тапи предмети да се не слуша. Јас тоа не можам да го посведочам. Јас само се сеќавам на нивните очи кои милост бараа. Тие очи никогаш нема да ги заборавам. Очи во кои беше страв, молење, ужас, умирање! И уште на еден детаљ се сеќавам. Се сеќавам дека на еден од колачите додека во раката србомлат држеше, додека крвта му ги руменеше потсечените нокти, а да друг колач одскокна чекор назад да не го испрска распрснатиот детски мозок од скршената глава, и да снегот ги упиваше детските писоци.

На останатото не се сеќавам.

Само живите очи кои и во соништата ме прогонуваа, па ми се чинише дека се подмрднувам од умот.

Ниедно злосторство не може да биде така ужасно како оној што го прави.

Злосторството е лага, а Бог е вистина.

Свети отец, не е вистина тоа што во своето опширно известување италијанскиот конзул јави да на 7. 02. 1942. во Народното пучко училиште во Шарговац е убиено 56 православни деца, ни како педантните Германци, забележаа, дека е убиено 53 деца. Разберете ме, во состојба во која се наоѓам не можам со жртвите да лицитирам. Германците би биле во право да Курузовиќ Драгица тој ден дојде во училиштво, али не. Тој ден таа отиде кај тетката во Борик, па не е заклана. Ви сведочам од оној свет, бидејќи ниеден овоземски обѕир не ме обврзува да не ја кажувам вистина.

Математиката е лага, а Бог е вистина.

Свети отец, кога ја доживеав таа чест да полудеам, се беше готово. Али јас не полудев затоа што не можев да носим слики кои во мојата солза непрекидно се огледаа, што видов призори кои од човекот мијат се пролазно и со голема енергија сугерираат на смисла и бесмисла на животот, туку полудев тогаш кога после масакрот човечката пород ме натера да во Главниот именик, који се преобрати во Крвав прозивник, покрај имињата на секое заклано дете напишам дека тоа умрело со природна смрт 7. февруари 1942. година. Јас тоа во себе не смеев да си дозволам, толку да ме понизат да со својата рака во Главниот именик напишам дека децата умреа со природна смрт! За тој дел ги признавам своите гревови.

Во име на Исус Христ и Богородица молим за прошка.

Нека ми Севишниот суди.

Од тогаш сум неутешна. Од тогаш не можам да се смирам, и никогаш нема да се смирам, ни спасам.

Таа непретпазливост е моја казна. Таа се изроди во сета која на парчиња ме растури, така да целосно се оддалечив од својата совршеност. Затоа како полудев, знам малку. Веројатно оно што претходеше не можеше да се заборави. Ден и ноќ се распаѓав од нервите. Нервите ми беа затегнати, така да морничеа со ужас. Се чувствувам секако, дури и како куче. Да би самата себе се утешила, сонував дека сум ништо, али тоа не помогна. Знам за момент кога телото ми се вплете во нервиот систем, кога се заглави во илјада збркани вени, кога почнав да се спротиставувам на дишењето, тогаш помислив дека сето ова уште не би можела да го преживеам. А не сум ни ова, точно знам како се чувствував кога ме прогласија од онаа страна, а после во очај ме зазида.

Ја сум сега од оној свет, во својот конечен свет.

Човек се може да преживее, освен смртта.

Смртта е лага, а Бог е вистина.

Свети отец, затоа што вие како поклоненик на божјиот гроб патувате низ светот, затоа што вие патувачки папа се занимате со трговина на индулгенција и откуп на делници, и проштевање на гревови, само некој кој е видел и едната и другата страна, кој живее и во оностран и овостран живот, има право да ви каже: Оставите се од патувањата, галење на деца со уштиркани кошулчиња и тантелисани сукњичиња над себе и мазнење на нивните коси, оставете го благословувањето на паствата со подигнување на рака – загледајте се во вечност.

Доста ми е смисла, доста ми е лажен морал, доста ми е солзи над општиот закоп.

Од колежот никогаш никаква правда не се родила, па нема ни од овај.

Никогаш не знаев, али сега знам, дека не постоји ни исток ни запад, него постои само Ватикан.

Кога дознав како патувачки сведок на евангелието доаѓате на место каде злосторството е посеано, дека личност на вашиот углед ќе дојди на место каде на ден спроти колежот одржан е состанак на кој учествуваа поранешниот жупник Виктор Гутиќ, бањалучкиот жупник др Никола Билогривиќ претседателот на судот Стиловиќ и повеќе свештеници, се надевав дека во име на Римската курија ќе го посетите и Народно пучко училиште во Шарговац. Дека ќе дојдете на место каде е злосторството направено под заштитниот поглед на Светата столица. Дека ќе дојдете во денешниот Српски Милановац, на место на трупови и чад, каде невината Христова крв липташе, каде е гасен ќумурот, да се поклоните на тронот каде една народно училиште е заклано. Дека ќе, дојдете да ги чуете гласовите на закланите деца кои по училиштето скитаат, да е чуете невината мртва врева, нивните мртви радости, нивните мртви песнички кои ги пееа и рецитираа.

Спремив картон, не картон, него обична новинарска хартија на која беа запишани имињата на закланите деца, али не ми дадоа да го поставим, или било каде да го обесам. Никаде, ни на огласна табла, ни на влезна врата, ни да го закачам на било кое дрво во училиштиот двор.

Дури ни на училишната ограда.

Само не ме прашувајте кој не ми даде. Замислите, не ми дозволи Министарство на просвета на Република Српска. Месната заедница беше за тоа, и граѓаните, и Управата на училиштето, и Училишниот одбор, а Министарството на просвета не.

Велат, не е време, за тоа. Ние треба да градиме мостови, а излитената хартија со имињата на заклаtните деца пак ке ги вознемири духовите. Кога треба српската вистина да излези на видело, тогаш не е време! Е да, време! Она, време, кое што повеќе поминува, приказната на заклаtните деца се почесто ќе скита по светот. Ќе ја печи.

Затоа што има приказни кои никогаш не можат да остарат. Тие се шетаат а од места да не помрднат. Таквите приказни можат себе да се надживеат, можат од убод да се бранат, од змии, од жаовица, и зли сили, и можат да траат бесконечно.

Не можат ни да се спалат, ни уништат, ни зафрлат.

Не можат да се закопаат, и така избришат.

Не можат заклаtните деца да се направат безимени, не можат само така да се истресат во празнина.

Свети отец, новинарската хартија не е лага! Нејзе никаков снег не можи да ја замете, никаков ветар да го искине, ма колку беспомошен и шупликав би бил. Ма колку беспомошна и шупликава би била. Ма колко побледува, пропаѓа и гние, под неа се ќе биде поразбирливо, како кога пуканките пукаат, ќе воскрснуват имињата на умрените.

Радојка, Симеун, Јован, Јелена, Душан, Душан, Јованка, Душан, Драгомир, Мара, Милан, Остоја, Милева, Ђуро, Милан, Душан, Госпава, Драгица, Радмила, Милорад, Остоја, Славко, Душан, Зорка, Гојко, Здравко, Милан, Остоја, Бранко, Драгица, Славка, Љубица, Милева, Мара, Митар, Даринка, Нада, Светозар, Бранко, Видосава, Јован, Милош, Здравка, Стамена, Анка, Милева, Марија, Нада, Живко, Милан и Миливоје.

Мора правда во некој повисок облик да постои.

Мора да постои судија кој не греши.

Лека ноќ, Отец!

*Превод: Весна Темелкоска-Вуковиќ*